| | |
|---|---|
| Неделна<br> тема | „Моето семејство, мое најголемо богатство“ |
| Содржина<br>На денот | „Во парк со мама и тато“ |
| Возраст | 2-3 години |
| Воспитувач | Анета Ивановска |
| Дневни активности | |
| Здрави<br>и безбедни<br>навики: | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики во пошироката околина.Подготовки за излегување од домот, при тоа земање на маска, средства за дезинфекција итн.(сл.1). |
| Активности: | Прошетките во непосредната околина се од големо значење за Вашето дете (сл.2).Тогаш тоа ја набљудува околината и преку неа осознава многу работи кои ја задоволуваат љубопитноста на детето.Додека шетате во паркот зборувајте му на детето дека треба да се носи маска, рацете треба да ни бидат чисти и да не се ставаат во уста.Научете го детето друг начин на поздравување (сл.3), кој ќе биде забавен, но и безбеден за неговото здравје.Прочитајте им го текстот:„Во парк“(сл.4,5) од Аријана Кандел и Роса М.Курто, извадок од книгата „Како да се однесувам во парк“.Дозволете детето да ја разгледа сликата и со кратки реченици да одговара на Вашите прашања.пр:Што има девојчето на раката?-Верверичка.Што дува девојчето?-Балони...<br>Можете и Вие со Вашето дете да дувате балони.(сл.6).<br>На крај од денот разговарајте за случките во паркот.Побарајте од детето да каже или да повтори по Вас, на Вашите поставени прашања. |